Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија, ("Службен весник на РМ" бр. 59/2000), а врз основа на членот 14 (4) од Времената спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европските заедници, склучена на 9 април 2001 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 2001 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИОТ ПРОТОКОЛ ЗА ВИНО И АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ КОН ВРЕМЕНАТА СПОГОДБА ЗА ТРГОВИЈА И ТРГОВСКИ ПРАШАЊА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА**

1. Се одобрува Дополнителниот протокол за вино и алкохолни пијалоци кон Времената спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европската заедница, потпишан на 18 декември 2001 година во Брисел.

2. Составен дел на оваа одлука е текстот на Дополнителниот протокол заедно со:

- Анекс I - Спогодба меѓу Република Македонија и Европската заедница за воспоставување взаемни трговски повластици за некои вина;
- Анекс II - Спогодба меѓу Република Македонија и Европската заедница за взаемно признавање, заштита и контрола на имињата на вината;
- Анекс III - Спогодба меѓу Република Македонија и Европската заедница за взаемно признавање, заштита и контрола на имињата на алкохолни и ароматизирани пијалоци.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2002 година.

Бр. 23-7295/1
25 декември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.